# ТУНЕЛ - АРХЕТИПСКИ СЛИКИ



АНА ИВАНОВСКА

Структурата на универзумот во митолошките космогонии е изградена врз дуализмот - бинарните опозиции: црно - бело, машки - женски принцип, добро - зло. "Таткото" (горе) е машкиот активен принцип, тој е духот, небото или Бог, а "Мајката" (долу) е женскиот пасивен принцип, примордијалните неоплодени "води", примордијалниот неред - хаосот, праматеријата или темнината.

Сплотувањето на спротивностите, на машкиот и женскиот принцип е симбол на слевање на дуалистичкото единство од кое потекнува сиот живот. Соединувањето е отсранување на личниот идентитет, доживување на вонпросторното, океанско чувство на ништожество и празнина.

Идејата за соединување во светиот чин на создавањето на нов живот, светоста на чинот на раѓањето е во корелација со претходниот проект "Тунел". Овојпат, издигнато на космичко ниво, трансцедентално искуство - космичко раѓање. Аудио - визуелна претстава што ги соединува микрокосмосот со макрокосмосот, човекот и Космосот во највозвишениот чин на создавањето од кој потекнува Универзумот. Тоа не потсетува на внатрешната поврзаност и единство на сите нешта создадени со заедничката структура, на метафизичкиот принцип на неразделната врска на делот со целината. Видео - инсталација која содржи три главни пунктови - акценти: машки и женски принцип, тунел (премин) и соединување (раѓање), секој со сопствена симболика на бојата.

Преку универзалните симболи е исткаен јазикот на делото. Преку архетипските - праисконски слики. Тоа се визуелни симболи на впечатоци кои со векови егзистираат во нашата психа, аналогни на примитивните идеи, митови и обреди што ја поттикнуват меморијата зошто сме тука, патување позади илузијата на стварноста. Збир на несвесни психички содржини на колективното несвесно, симболи и слики што од секогаш поостоеле кај сите народи и култури, општи предиспозиции. Архетиповите се невидливи корени на сите наши искуства и однесувања.

Лавиринтот е исто така значаен симбол, архетип што се поврзува со целосноста. Шемата на лавиринтот го открива присуството на космички ред. Психолошкото значење на минување низ лавиринтот е иницијација(просветлување), симболично враќање во мајчината утроба, премин низ смртта кон препородот, откривање на духовниот центар низ напрегнатиот процес на самоспознание што често не води никаде.

Визуелниот јазик го градам врз основа на естетиката и симболиката на елементарните геометриски форми. Во геометриска апстракција го доживувам космичкото, духовното, боженственото. А симболите се јавуваат сами, кога постои потреба да се изрази она што мислата не може да го мисли или што интуитивно се претскажува, или се чувствува.



Родена во Скопје на 07. 10. 1982

**- 2006** дипломирала на Факултетот за ликовни уметности, Скопје; сликарски оддел со насока конзервација и реставрација во класата на проф. Благоја Маневски.
**- 2007** Педагошки оддел на ФЛУ.
**- 2008** постдипломски студии на Факултетот за ликовни уметности, Скопје кај проф. Благоја Маневски.

**Самостојни изложби:**
- "Тунел", Младински културен центар, Скопје, 2007;
- Музеј на Град Скопје, инсталација "Тунел", 2008.

**Групни изложби:**
- 7-мо Биенале на млади уметници, Музеј на современа уметност, Скопје, 2005;
- 6-то Студентско интернационално биенале, Музеј на град Скопје, 2005;
- групни изложби низ Р. Македонија, 2005: Безистен - Штип; Културен дом, Виница; Национална установа-музеј Куманово;
- Изложби 2006: Безистен Штип - "Еклектицизам"; Културен дом, Виница.
- Изложба на нови членови на ДЛУМ, Дом на АРМ, Скопје, 2008.

**Ликовни работилници:**
- Вуковар (Р.Хрватска) во соработка со Мировна група младих "Дунав";
- Ликовна работилница во Бургас, Бугарија
- Ликовна колонија, Берово.

**Награди:**
- добитник на годишна награда "Денес" за млад ликовен уметник , 2008

**Адреса:** ул. Скоевска бр. 31б Скопје
**Тел:** 2670 544**;** моб. 075 53 66 14
E-mail: ana_ivanovska82@yahoo.com



Born in Skopje, 1982

- 2006 Faculty of Fine Arts, Skopje; painting department and course of conservation and restoration.
- 2007 Pedagogical department at the Faculty of Fine Arts, Skopje.
- 2008 Postgraduate studies at the Faculty of Fine Arts, Skopje.

**Solo exhibition:**
- installation "Tunnel", Youth Cultural Center Skopje, 2007;
- Museum of the City of Skopje, installation "Tunnel", 2008.

**Group exhibitions:**
- VII$^{th}$ Biennial of Young Artists, Museum of Contemporary Art, Skopje, 2005;
- VI$^{th}$ Student International Art Biennial, Museum of the City of Skopje, 2005;
- Group exhibitions through R. of Macedonia, 2005: Bezisten-Stip; Culture Club, Vinica; Gallery of Kumanovo;
- Exhibitions-2006: Bezisten-Stip "Eclecticism"; Culture Club, Vinica;
- Exhibition of New members of DLUM, Skopje, 2008.

**Artistic workshops:**
- Vucovar (Croatia) in collaboration with Youth Peace Group "Danube";
- Art-workshop, Burgas (Bulgaria);
- Art colony in Berovo, R. of Macedonia.

**Rewards:**
- Young Visual Artist Annual Award, "Denes"

Adress: Skoevska st. 31b 100Skopje, Macedonia
Tel: 2670 544; 075 53 66 14
Email: ana_ivanovska82@yahoo.com




USAF
DELTA















Издавач: Национална установа музеј-Куманово
За издавачот: Јовица Станковски • Организација: Перо Величковски, Катарина Јакимовска
Дизајн на каталог: Александар Симоновиќ-Симо • Печати: Ките-Граф Куманово • Тираж: 250

Министерство за култура на Република Македонија



Благодарност до Лазар Јованов за помошта при реализација на изложбата.